Коментари и одговор на коментари по

Предлог на Годишната програма за работа на

Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година

Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.10.2013 година на својата веб страна објави Предлог на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година и ги покани сите заинтересирани страни да достават свои коментари, гледишта, мислења и ставови по однос на истата. Заклучно со ден 18.11.2013 година, кој што беше утврден како краен рок, во Агенцијата за електронски комуникации, по Предлог на годишната програма за работа на АЕК се примени само заедничките коментари на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје. По однос на истите Агенцијата за електронски комуникации го објавува следното:

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје:

Би сакале да посочиме дека **во делот за Регулаторна рамка евидентиравме потреба од усогласување на текстот и активностите во табелата** на страна 8, така што се надеваме дека соодветната корекција ќе биде направена при поставување на финалниот документ од страна на АЕК. Имено, во текстот на страна 8 и во табелата (ред 7 и ред 10) два пати по ред е наведена Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници, а исто така наведена е и Анализа на големопродажни пазари за започнување и завршување на повици во јавна телефонска мрежа на фиксна локација како и транзитирање на повици во јавна фиксна телефонска мрежа и Анализа на големопродажен пазар за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен) и големопродажен пазар за услуги со широк опсег (broadband) кои што во табелата подоле не се содржани. Со истото се создава забуна дали воопшто наведените Анализи ќе бидат направени во 2014 година.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот е основан и истиот се прифаќа. Агенцијата ќе изврши соодветни корекции што ќе бидат имплементирани во финалниот текст на Годишната програма.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Ја поздравуваме и иницијативата за **инспекциски надзор на операторите во насока на проверка на Референтните понуди** за битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга и Референтните понуди за интерконекција дали се усогласени со последната понуда која е објавена на нивната официјална веб страна. Сметаме дека **ваквата проверка треба да важи за сите оператори подеднакво,** а во насока на ефикасно работење на АЕК предлагаме АЕК да ги објавува одобрените понуди на својата веб страна. Со тоа ќе се добие најрелевантна и навремена информација и можност АЕК многу полесно да го евидентира необјавувањето и несоодветното усогласување кое пред се предизвикува погрешно толкување и потешкотии при усогласување за ретроактивна примена во системите помеѓу операториге.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот не се прифаќа. Согласно член 45 од Законот за електронските комуникации, Операторите со значителна пазарна моќ се тие кои имаат обврска да ги објавуваат одобрените референтни понуди и тоа во рок од пет дена од денот на приемот на одобрението од Агенцијата. Агенцијата може и ќе го зајакне надзорот над спроведувањето на оваа законска одредба, а со цел обезбедување на транспарентност во своето работење, како и до сега на својата веб страна ќе ги објавува донесените акти со кои референтните понуди се одобруваат, односно не се одобруваат или пак се бара нивна измена.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Исто така сакаме да ја истакнеме потребата од **консолидирани текстови на законските и подзаконските акти** и овозможување на нивна соодветна достапност од сите субјекти кои ги користат и имаат потреба од истите. Во моментов на официјалната страна на АЕК не се достапни финалните консолидирани верзии за одредени законски или подзаконски акти и како такви водат до несоодветно толкување или посочување на конкретни одредби.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот се прифаќа. Агенцијата ќе ја ажурира својата веб страна и на истата ќе бидат достапни финалните консолидирани верзии на Законот за електронските комуникации и актите што произлегуваат од него.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје:

На страна 11 АЕК наведува активности на полето на нумерацијата за **следење на Централната база на пренесени броеви и подготвување на компаративни прегледи и извештаи за пренесените броеви,** за **што сметаме дека треба да се даде посебен** акцент на пракгичната примена **за да се избегнат проблемите кои беа воочени од досегашното искуство при имплементацијата на услугата за преносливост на броеви.**

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Во тек е јавна расправа по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за преносливост на броеви, па сите Ваши забелешки и предлози за подобрување на системот за преносливост на броеви и неговата функционалност, можат да бидат разгледани во текот на оваа јавна расправа.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Како дополнување на предложените активности за Управување со електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи, корисно би било во текот на 2014 година **АЕК да организира одржување на јавен состанок - АТЛАС отворени денови** каде ќе ги презентира податоците кои се доставени од страна на сите оператори и ќе може да се добие информација за поставената и/или најавената инфраструктура на јавни електронски комуникациски мрежи од страна на другите оператори, со цел истата да може да биде ефикасно употребена и отворена за пристап на барање доколку е технички можно, а воедно би се разгледале и предлози за евентуална потреба од адаптирање на електронскиот регистар од страна на АЕК или вклучување и на други субјекти.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот се прифаќа. Ова ќе биде ставено како посебна тема на првиот јавен состанок кој Агенцијата ќе го организира во првата половина на 2014 година.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

За анализа на пазарот за електронски комуникации и регулација на цени, сметаме дека предложеното прилагодување на BU LRIC+ моделот за ажурирање на цените базирани на трошок за изнајмени линии, физичка инфраструктура, неискористено оптичко влакно и битстрим преку **"pure LRIC"** не наоѓа практична примена и треба да се избрише или корегира во финалниот документ. Согласно препораките на Европската комисија (2009/396/EC) предложениот модел **"pure LRIC"** не се применува за други услуги освен за терминација на повици и пораки во мобилни и фиксни мрежи (MTR, FTR.SMS).

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот е основан и истиот се прифаќа. Агенцијата ќе изврши соодветни корекции што ќе бидат имплементирани во финалниот текст на Годишната програма.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

МКТ и ТММК очекуваат **покана за учество во предвидената изработка на студија** за пазарот на електронските комуникации, бидејќи сметаме дека истата треба да биде изработена со помош на релевантни податоци добиени од учесниците на пазарот и нивно соодветно усогласување за да не се добијат резултати кои нема да ја прикажуваат реалната состојба на пазарот за електронски комуникации во Р. Македонија.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот се прифаќа.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Би сакале да ја поздравиме и **предложената анализа и предлог за ревизија на Правилникот за начинот на пресметување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции**. Се надеваме дека оваа ревизија ќе ги земе во предвид трошоците за градење на 4G мрежите согласно динамиката утврдена во тендерската документација односно намалување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции во опсегот 800MHz. и повисок фреквенции како и намалување на годишниот надоместок за користење на фреквенции за линковски врски 15, 23 GHz како и да се овозможи користење на фреквенциите од т.н. E-band (71-76 & 81-86GHz) без надоместок или симболичен надоместок што е случај во многу европски земји.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Благодариме за подршката. Во секој случај ревизијата на Правилникот за начинот на пресметување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, ќе биде извршена со консултација од сите заинтересирани страни и преку организирање на јавна расправа ќе можете да ги дадете вашите забелешки, мислења и ставови по однос на истата.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Во врска со предвидените активности за регулирање на радиокомуникациите на страна 16 од документот, предлагаме уште една активност т.е. спроведување на анализа за воведување на користење на фрекфенциите за E- band (71-76 & 81-86 GHz) со големи капацитети кој би се користел за изградба на 4G backhaul заради потребата од координирано воведување на користење на овие фреквенции заедно со добрението за 4 G лиценците.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот се прифаќа. Агенцијата ќе изврши соодветни корекции во текстот на Годишната програма со цел да биде имплементирана предложената активност.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

На страна 17 од предлог документот во делот за контрола и мониторинг на радиофрекфенции, каде што АЕК предвидува мониторинг со портабл, мобилни станици, фиксни станици **и мерење на нејонизирачко зрачење**/по приговор, сметаме дека претходно е потребно да се направи измена и доработка на Правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства, особено во делот на мерењето на нејонизирачко зрачење. Потребно е усогласување со актуелната регулативата на Европската Унија и препораките на ICNIRIP (Iternational Commission on Non-Ionizing Radiation Protection), а во согласност со препораките на Светската здравствена организација, бидејќи актуелниот Правилник во овој домен се потпира на регулатива и стандард од 1990 година. Исто така, сметаме дека е потребно специфицирање на начинот и методологија на спроведување на контролни мерења за што предлагаме изработување на подзаконски акт во вид на упатство. Со оглед на комплексноста и чувствителноста на темата за нејонизирачко зрачење, како и одговорноста што АЕК ја презема за акредитирано изведување на мерењата и нивно лесно, разбирливо претставување на широката јавноста, сметаме дека е неопходен многу внимателен пристап и вклучување на претставници на операторите и други лица со висока стручност во оваа област при измената на предметниот Правилник.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Со овој Предлог на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2014 година е предвидена активност за изменување и дополнување на Правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства, па вашите предлози дадени во овој коментар ќе можете да ги истакнете и истите да бидат разгледани на јавната расправа која што ќе биде организирана во постапката на донесување на овој правилник.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Ве молиме да се допрецизира фрекфентноста на предвидените инспекциски надзори на страна 23 од документот, бидејќи согласно наведеното истото не е јасно: Г*одишниот план предвидува вршење на редовен инспекциски надзор над секој од овие субјекти **еднаш годишно во период од три месеци,** при што е оставена можност за повторен инспекциски надзор заради пронајдена неправилност во работењето*",

Од наведениот исказ не е доволно јасно дали инспекцискиот надзор ќе се врши кај секој субјект најмалку еднаш годишно или најмалку еднаш квартално. Наш предлог е инспекцискиот надзор да се врши кај секој субјект најмалку еднаш годишно, при што е можно да има и повторен инспекциски надзор заради пронајдена неправилност во работењето.

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Коментарот се прифаќа. Направена е грешка што ќе биде корегирана, така што инспекцискиот надзор ќе се врши кај секој субјект најмалку еднаш годишно со можност за повторен инспекциски надзор заради пронајдена неправилност во работењето.

Коментар на Македонски Телеком АД-Скопје и Т-Мобиле АД-Скопје :

Во вториот дел од документот (Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година) не е доволно јасно на што се должи значителното зголемување на процентот во делот **расходна ставка 455 - помошти, донации и други давачки** од документот. Дали со ова зголемување би имало можност да се намалат сите или барем неколку видови на давачки односно надоместоци на операторите кон АЕК и да се дозволи и операторите да даваат повеќе донации и помошти таму каде што има вистинска потреба од тоа, како што и досега е пракса кај сите поголеми оператори?

Одговор на Агенција за електронски комуникации:

Агенцијата за електронски комуникации, како и досега, покрај исполнувањето на надлежностите утврдени со Законот за електронските комуникации, особено води сметка не само за заштита на интересите на граѓаните во Република Македонија од аспект на користење на електронските комуникациски услуги, туку и за подобрување на начинот на живеење како од економски, така и од културен или образовен аспект. Во секој случај средствата од расходната ставка 455, согласно Законот за донации ќе бидат искористени само за работи кои што се од јавен интерес.